ЈЗУ ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ
0204 бр.29/3
13.01.2026 год.
В Е Л Е С

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Директорот на ЈЗУ Центар за јавно здравје Велес ја донесе следната

# О Д Л У К А

за избор на кандидат по објавен јавен оглас за вработување на административен службеник во ЈЗУ Центар за јавно здравје Велес

**1.**За извршител на работно место по јавен оглас бр. **0204-817/2025 –Соработник за материјално-финансиско работење**, со шифра на работно место **ЗДР0102В003009,се избира кандидатот Ленче Панова.**

**2.**Избраниот кандидат од точка 1 на оваа Одлука ќе биде вработен на наведеното работно место по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.

**3.**Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

По Барање на ЈЗУ Центар за јавно здравје Велес, Агенцијата за администрација објави Јавен оглас бр. **0204-817/2025** за вработување на административен службеник во ЈЗУ Центар за јавно здравје Велес.

Врз основа на Предлогот на Агенцијата за администрација бр. 10-1906/5 од 22.12.2025 година,Записник од административна селекција бр. 10-1906/10 од 26.11.2025 година, Записник од спроведен испит за административен службеник бр. 10-1906/11 од 10.12.2025 година,и Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр. 10-1906/13 од 18.12.2025 година. Комисијата за селекција утврди дека кандидатот Ленче Панова ги исполнува сите услови и е прворангиран кандидат по сите фази на селекцијата.

Согласно доставената документација и Предлогот за вработување од Агенцијата за администрација, Директорот на ЈЗУ Центар за јавно здравје Велес донесе Одлука како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:**Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од **осум (8) дена** од денот на објавувањето на Одлуката на веб-страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

**ЈЗУ Центар за јавно здравје Велес**
ВД Директор
Д-р Павлина Велкова спец.соц.медицина